Шелебеле декларација

# МИРОТ Е ПРМНОГУ ДРАГОЦЕН ЗА ДА ГО ПРЕПУШТИМЕ НА СТРУКТУРИТЕ НА МИЛИТАРИЗМОТ



## Земи го мирот во свои раце, послушај ја својата свест и одбиј ја војната.

Ние сме група на меѓународни антимилитаристи/ки и приговарачи/чки на совест од: Шпанија, Македонија, Хрватска, Турција, Финска, Белгија, Холандија, Англија и Франција. Денес на 15-ти мај-меѓународен ден на Приговор на совеста, застанати сме пред седиштето на НАТО бидејќи НАТО е еден од симболите на меѓународниот милитаризам кој го одржува глобалниот систем на доминација во живот, исто така поради нивното претставување како заштитници на Мирот, демократијата и слободата употребувајќи т.н. “хумани” интервенции, но се што успеваат да постигнат со своите интервенции е сротивното. Тоа што ние правиме овде е “ненасилна директна акција” со цел да го нарушиме нормалното функционирање на воената машина.

Ние веруваме дека ниту една армија не може да се бори во корист на Мирот поради следново: Бидејќи нивната природа е да го потхрануваат насилството како начин за решавање на конфликтите; Бидејќи потребите на армијата го трошат данокот што го плаќаат граѓаните; Бидејќи армијата го подржува призводството на оружје и трговијата со него; Бидејќи наметнува негативни вредности во општеството како што се: хиреархијата, слепата послушност, сексизмот, хомофобијата; Бидејќи ја зголемува милитантноста во општеството. Армијата ја користи секоја можност за милитаризација на општеството. Овој процес се засили по случувањата на 11-ти Октомври 2001 година. Ние не можеме да останеме рамнодушна публика на своиоте животи. Мирот е многу повеќе од одсуство на војна, потребно е многу поголемо активирање на луѓето во антимилитаризмот за да се постигне . Не постои Мир без социјална правда, еднаквост и слобода. Да се создаде Мир потребна е форма на акција која е во кохеренција со општеството кое сакаме да го изградиме, општевство во кое комфликтите ќе се решаваат ненасилно, граѓанинот се чувствува слододен и каде ќе има активна едукација за Мирот (спротивно на едукцијата за насилство која е сега присутна). Секој човек има свест, се што треба е да ја употреби и да пронајде свој начин на спротивставување.

Поради овие причини не сакаме да соработуваме со “војната” и нејзините последици. Отворено ги повикуваме сите луѓе да не соработуваат! Многумина во различни делови на светот одбиваат да соработуваат преку своите: пари, тела и умови. Бараме солидарност кон сите оние кои одбиваат да соработуваат со милитаризмот!

Денес на меѓународниот ден на приговор на совеста, со оваа акција, ние ја искажуваме својата солидарност со приговарачи/чки на совеста во: Балканот, Европа, Јужна Америка, Блискиот Исток и на сите останати места во светот. На нив им е потребна нашата подршка бидејќи во многу од тие земји владата и општеството делуваат потиснувачки врз нив. На овој ден посебно сакаме да нагласиме дека сме против репресијата и казнувањето на приговарачите/чките на совеста.

Ние го земаме Мирот во свои раце и истото го бараме од вас. Мирот е премногу важен за да го препуштиме на армијата и структурите на милитаризмот.